Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

## Извадок од дел од дневни настани 07.03.2022

На 05.03.2022 во 22.10 часот на улица „Благој Мучето“ во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода М.С.(22) од село Бориево, струмичко, а на 06.03.2022 во 00.40 часот на истата улица ги лишиле Б.Т.(24) од Струмица и Ѓ.П.(28) од село Ангелци, струмичко, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против лицата ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 07.03.2022 во 00.00 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле А.С.(25) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени марихуана и метален боксирач. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.03.2022 во 23.50 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(21) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени семки од канабис и нож. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани и санкционирани 34 прекршоци, од кои 22 надвор од населено место и 12 во населено место. Санкционирани биле и 14 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас и 3 за непрописно паркирање.

На 06.03.2022 во 22.20 часот во Полициската станица Аеродром, Љ.Т.(73) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански“ била каснатa од куче скитник.

На 06.03.2022 во 11.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, С.А.(32) од Скопје пријавила дека на ул.„Нов Живот“ нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Во текот на изминатиот викенд, на подрачјето на Куманово полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле санкционирани 86 возачи. Засилените сообраќајни контроли продолжуваат и во наредните денови.

На 07.03.2022 во 12.30 часот на бул. Киро Глигоров во Скопје од полициски службеници од Полициска станица Гази Баба е лишен од слобода Т.К.(21) од Куманово по претходно издадена судска наредба од Основен суд Куманово, а бил баран за издржување казна затвор во затвор Куманово. Лицето ќе биде предадено на надлежната казнено поправна установа.

На 07.03.2022 во 14.00 часот на бул. Србија во Скопје од полициски службеници од Одделение за криминалистички работи- Гази Баба при СВР Скопје е лишен од слобода М.М.(24) од Скопје, кој бил баран по централна потерница издадена од Основен суд Скопје за издржување на затворска казна. Лицето ќе биде предадено на надлежната казнено поправна установа.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Н.И.(35) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело “неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори“. На 07.11.2021 од полициски службеници од ОВР Свети Николе извршен бил претрес во домот на пријавениот и пронајдени биле и одземени марихуана, семки од марихуана, метална дробилка со остатоци од марихуана, ризли...

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против И.Ј.(28) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело “неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори“. На 29.10.2021 од полициски службеници извршен бил преглед над пријавениот и пронајдена била и одземена марихуана.

На 06.03.2022 во 16.55 часот на ул.„Иван Хаџи Николов“ во Скопје, Р.Т.(41) од Скопје го нарушил јавниот ред и мир со агресивно и недолично однесување кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. На Р.Т. ќе му биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.03.2022 во 21.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на бул.„Партизански одреди“ три лица физички го нападнале вработениот и одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.03.2022 во 23.20 часот во Полициската станица Ресен, Е.Ш. од с.Царев Двор, ресенско, пријавил дека во неговиот двор била фрлена експлозивна направа, при што биле оштетени прозорците и вратата од куќата. Повредени лица нема, а увид бил извршен од екипа на СВР Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.03.2022 во 05.30 часот во Полициско одделение Петровец О.Ф.(56) пријавил дека во 01.55 часот во градилиште во Индустриска зона Илинден бил физички напднат од Ч.Д. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.03.2022 во 10.25 часот во Полициска станица Центар Д.Д.(46) од Скопје пријавила дека во Градски парк била касната од куче скитник.

На 06.03.2022 во 13.30 часот во Полициска станица Центар Ж.М.(50) од Скопје пријавил дека на 05.03.2022 околу 23.30 часот на подрачје на Центар, неговиот 16 годишен син физички бил нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против К.П.(48) од Струга поради постоење основи на сомение за сторено казнено дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори“. При претрес извршен во неговиот дом, полициските службеници пронашле четири растенија канабис и 139 семки од растението Cannabis и други предмети со остатоци од марихуана помешана со тутун.

Регионалниот центар за Гранични работи Исток поднесе кривична пријава против Н.Б.(45) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело “фалсификување на исправа“ и “непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. Пријавената на 21.03.2021 на Граничниот премин „Деве Баир“ на излез од РСМ употребила фалсификуван „ПЦР“ тест.

Регионалниот центар за Гранични работи Исток поднесе кривична пријава против А.Б.(44) од Куманово, поарди постоење основи на сомнение за сторено кривично дело “фалсификување на исправа“ и “непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. На 21.03.2021 на Граничниот премин „Деве Баир“ на излез од РСМ употребила фалсификуван „ПЦР“ тест.

На 06.03.2022 во 21.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Тале Христов“ неколку лица физички го нападнале вработениот и со закана одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Неготино, поднесе кривична пријава против А.Б.(37) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело “непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. На 21.02.2022 од полициски службеници од Полициската канцеларија Демир Капија, при вршење контрола на лица во задолжителна изолација во домашни услови согласно одлуките на Владата на РСМ донесени за сузбивање на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид 19, пријавениот не бил затекнат во својот дом каде што назначил дека ќе ја извршува самоизолацијата.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет